# Дополнителни услови за осигурување на деца од последици на несреќен случај (незгода)

Друштво за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје со седиште на Бул.Илинден број 1, 1000 Скопје,тел.број 02 3288 800, факс 02 3215 128,www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 15.10.2004 година и со одлука бр.06/04-3 се применуваат од денот на донесувањето.

**Член 1**

**Општи одредби**

**(1)** Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие дополнителни услови за осигурување на деца од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување на деца од последици на несреќен случај (незгода), кој договорувачот на осигурувањето го склучува со УНИКА а.д. Скопје (во понатамошен текст: осигурувач).

**(2)** Договорувач може да биде родителот или старателот на детето, како и секое друго физичко или правно лице што има интерес да склучи вакво осигурување.

**(3)** Лицата што се осигуруваат по овие дополнителни услови, се осигуруваат деца до 14 години живот  без оглед на нивната здравствена состојба и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9, став (3), точка 5 на општите услови, освен душевно болните деца кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

**Член 2**

**Обврски на осигурувачот**

**(1)** Осигурувачот е во обврска да ја исплати договорената осигурена сума предвидена во полисата целосно или делумно, или да надомести на трошоци за лекување, ако несреќниот случај кој има за последица инвалидитет или краткотрајно нарушување на здравјето на осигуреникот, настане:

**1.** Во секојдневниот живот на осигуреното дете (дома и надвор од куќата, во училиште, на улица, на игралиште, при играње, при училишна настава, при излети и екскурзии, итн);

**2.** При возење со кое и да е превозно средство;

**3.** При занимавање со следните спортови: гимнастички вежбања, атлетика, пливање, веслање, едрење, возење со кајак, рибарење, санкање, скијање, лизгање по мраз, голф, фудбал, ракомет, одбојка, кошарка, тенис, мечување, јавање, возење со велосипед и со ролшуи, како и при скијчки скокови.

**(2)** Кога ќе настапи смрт на осигуреното лице поради несреќен случај, осигурувачот е во обврска да ја исплати за трошоци за погреб договорена осигурена сума за случај на смрт, но најмногу до износот кој максимално е утврден со одлука на управниот одбор на Друштво за осигурување УНИКА а.д. Скопје.

**Член 3**

**Траење на осигурувањето**

Ако во полисата е означен само денот на почетокот на осигурувањето, осигурувањето автоматски престанува по истекот на онаа година на осигурувањето во која осигуреното дете наполнило 14 години живот.

**Член 4**

**Корисници на осигурувањето**

Доколку во полисата не е предвидено, како корисник на осигурувањето се смета:

**1.** За трошоците за погреб во случај на смрт на осигуреникот - лицето што ќе докаже дека ги исплатило трошоците или дека е во непосредна обврска да ги плати;

**2.** Во случај на инвалидитет на осигуреникот - самиот осигуреник;

**3.** Во случај на краткотрајно нарушување на здравјето на осигуреникот - лицето што ќе докаже дека ги исплатило трошоците за лекување или е во непосредна обврска да ги плати.

**Член 5**

**Завршни одредби**

Овие дополнителни услови важат со општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а доколку нивната содржина е во спротивност на содржината на општите услови, важат овие дополнителни услови.